ОПШТИНА ШТИП

MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УпІБр. 18/24-360*
*11.06.2025*
*Ш т и п*

До

Државни органи, јавни институции, установи,
правни лица кои вршат јавни надлежности и заинтересирани граѓани

ПРЕДМЕТ: Покана за учество на јавна презентација и јавна анкета

Почитувани,

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина за 2025 година со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година, од Советот на Општина Штип Градоначалникот на Општина Штип ја доставува следната:

**П О К А Н А  З А  У Ч Е С Т В О**

**на јавна презентација и јавна анкета**
**по изготвен**
**Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 05.01 со намена А-Домување,Општина Штип**

Согласно член 50 од законот за урбанистичко планирање (сл.весник на рм бр.32/20 и 111/23) се организира **јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 05.01 со намена А-Домување,Општина Штип.**

Планскиот опфат за изработка на планската документација, кој е прикажан на графичките прилози кои се во прилог на планската документација е формиран по граници на катастарски парцели и осовини на улици.

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

- од исток осовина на корито на р.Брегалница,
- Од север осовина на ул Гоце Делчев
- Од запад и од југ - граница на наменска зона од ГУП

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации. Според опишаните граници за Детален урбанистички план за дел

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

од четврт ЦЕ 05.01со намена А-Домување,Општина Штип, вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 75 005.98m2.

Во планската документација дефиниран е плански опфат и прикажан на графички прилог кој е приложен во постапката во систем е урбанизам.

Јавната анкета и јавната презентација на Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 05.01со намена А-Домување, Општина Штип ќе се спроведе со излагање на деталниот план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 31 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 1 јули 2025 (вторник) до 31 јули 2025 год (четврток), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 17 јули (четврток) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

*ОПШТИНА ШТИП*
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*